**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 јуни 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 12,45 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Иван Анастасовски, потпретседател на Собранието.

**Иван Анастасовски:** Дами и господа пратеници, Продолжуваме со работа по Дваесет и четвртата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Љубисав Иванов Ѕинго, Лилјана Поповска, Љубчо Георгиевски, Даут Реџепи, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Љубиша Георгиевски, Павле Трајанов, Петар Поп Арсов, Елмазе Селмани, Фијат Цаноски, Борис Кондарко, Лазар Китановски, Теута Арифи, Али Ахмети, Фазли Велиу, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснете едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме точниот број на присутни пратеници во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствува 71 пратеник.

Констатирам дека на седницата присуствува мнозинството пратеници на Собранието и дека собранието може полноважно да одлучува.

**Тоачка 1-Предлог за избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија.**

Ги молам пратениците да влезат во салата и да седнат на своите места.

Процедурално три минути за пратеникот господин Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Ви благодарам.

Почитувани пратеници, пошироката јавност во Република Македонија вчера и денес е информирана дека во Република Македонија имало еден инцидент, еден случај на киднапирање на јавна личност, а тоа е Назиф Буши. Затоа, интенција на секоја влада, на секој парламент и на секоја држава е во земјата да функционира правото, да имаме право на безбедност, слобода и права, а од друга страна да функционира правната држава.

Со вчерашниот инцидент во Република Македонија мислам дека тука непосредно Министерството за внатрешни работи и Владата треба да не информираат итно, Парламентот да го информираат, затоа што не е добро ние како претставници на народот да се информираме од средствата за јавно информирање, туку непосредно треба да се информираме во овој Парламент.

Затоа, барам итно Министерството за внатрешни работи да не информира за вчерашниот инцидент на патот Скопје-Охрид на наплатната рампа Желино, каде што вооружени лица киднапирале јавна личност, а таа личност е Назиф Буши со двајца новинари и неговиот возач. Ова киднапирање што се случи во Република Македонија создава загриженост во државата, затоа што имајќи вакви киднапирања, имајќи вакви случаи на несигурност на граѓаните, тогаш сигурно се создава несигурност за сите граѓани. Кога може да се киднапира јавна личност на сред бел ден и кога може да се киднапираат пет лица, а за тоа да немаме никаква информација од страна на Министерството за внатрешни работи и за овој случај да немаме едно расветлување на случајот, тогаш ние живееме во еден политички амбиент, средина, во една земја каде што нема сигурност за граѓаните.

Затоа го замолувам претставникот на Министерството за внатрешни работи, ја молам Владата да даде подетални информации во однос на овој случај, за да нема никакво недоразбирање, туку над се треба да имаме владеење на правото, принцип на слободен живот на граѓанинот и за заштита на нивниот живот. Без една ваква безбедност во Република Македонија, ние не можеме да претдендираме дека имаме политички амбиент кој што е потребен во Парламентот, ниту во Владата, ниту во државата. Затоа, интенција на Република Македонија да се вклучи или да се придружи кон Европската унија и НАТО, сигурно треба да ги исполниме стандардите внатре во државата.

Со ова ќе завршам и барам и очекувам ние како пратеници да се информираме непосредно од претставници на Министерството за внатрешни работи или пак од госпоѓа Гордана Јанкуловска. Ви благодарам многу.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Процедурално 3 минути господинот пратеник Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Јас ќе кажам неколку зборови во врска со овој настан, но пошироката јавност и посебно албанците од Македонија знаат како поминаа овие девет месеци на оваа Влада, каде се создаде една благосостојба, мир и безбедност во целиот општ живот и дејноста на албанците во Македонија. Дефинитивно се стави крај на криминалните банди и луѓето кои убиваа, речиси секоја недела ги убиваа албанците. Се стави крај и на етикетата на криминалот овде кај нас, а целата јавност знае дека Тетово се прогласи за град со најголема криминалност во Европа.

На дискутантот ќе му кажам одговорот да го побара во врска со ова прашање, упатено до ова Собрание, кај неговото политичко гнездо, кое генерира секогаш и генерирало криминал, генерирале нестабилност кај албанците во Македонија. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Процедурално три минути, повелете господине пратеник Рафис Алити.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Навистина парламентарната група ДУИ-ПДП не побара информација од координаторот на ДПА. Информацијата се побара од Министерството за внатрешни работи за причините кои ги кажа пратеникот, така што ние како парламентарна група, имајќи ја предвид точката која е на дневен ред, значи првата точка на дневен ред, бараме по оваа точка еден час пауза во врска со инцидентот кој се случил. Тоа значи првата точка од дневен ред да оди како што е предвидено, а потоа бараме пауза од еден час. Ви благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Бидејќи единствено третото барање имаше одредена процедурална забелешка до мене, во тој случај јас сум должен согласно Деловникот да дадам пауза, меѓутоа тоа може да биде договорно до еден час, 30 минути пауза, бидејќи имавме претходно еден час...

(Реакции).

Се извинувам, ако може уште еднаш да слушнеме што предложивте?

**Рафис Алити:** Не знам како течеше преводот, но мислам дека бев јасен, по оваа точка на дневен ред, по точката 1 која е на дневен ред, бараме пауза од еден час. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Во ред, јас се извинувам, можеби заради преводот не разбрав.

Продолжуваме со Предлогот за избор на членови на Судскиот совет на ...

Процедурално господинот пратеник Кенан Хасипи, повелете.

**Кенан Хасипи:** Господине потпретседателе, со оглед на тоа што точката што е на дневен ред има своја посебна тежина и се работи за личности кои имаат свој интегрирет, би било добро претходно да се постигне висок степен на усогласеност, а после тоа да се става предлогот на гласање. Ова дотолку повеќе што забележувам дека и во владеачкото мнозинство нема потребен број на пратеници, потребен за да го изгласаме предлогот.

Затоа, за да не ја тестираме опозицијата, да постигнеме усогласеност и после да расправаме по овие предлози. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Се извинувам, вие барате...?

**Кенан Хасипи:** Јас барам да не се расправа по точката додека не се постигне усогласеност околу кандидатите?

**Иван Анастасовски:** Да не се расправа?

**Кенан Хасипи:** Да.

**Иван Анастасовски:** Расправата веќе е затворен, ние треба да преминеме веднаш на гласање во однос на првиот...

**Кенан Хасипи:** Да не се гласа.

**Иван Анастасовски:** Да не се гласа?

Тогаш формулирајте го вашето барање, да ја повлечете точката, како?

**Кенан Хасипи:** Да се повлече точката од дневниот ред, бидејќи има сериозни причини дека голем дел од кандидатите нема да поминат, а не би било добро за нивниот интегритет.

**Иван Анастасовски:** Добро, јас не сакам да прејудицирам дали некој ќе помине или не.

Дали имате поддршка од 10 пратеници за вашиот предлог да се повлече точката од дневен ред?

(Повеќе од 10 пратеници креваат рака).

Ви благодарам. Во тој случај предлогот на пратеникот Кенан Хасипи за повлекување на точката од дневен ред, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

(Други пратеници се пријавуваат процедуралхно за збор).

Се извинувам, вие баравте нешто?

Пред да поминеме на гласање, процедурално пратеник...

(Реакции).

Вие баравте процедурално.

Бидејќи и јас самиот не гласав, ќе замолам, вратете го резултатот ве молам.

(Реакции).

Бидејќи имавме легитимен предлог, а вкупно гласале доволен број, 67 пратеници за предлогот, од кои за гласале 30, нема воздржани, 37 гласале против, предлогот не е усвоен.

Повелете, се извинувам, имавме легитимен предлог , ќе добиете збор процедурално.

Предлогот на колегата Кенан Хасипи не помина.

Сега повелете, вие бевте прва и вас ве прочитав, Силвана Бонева, повелете три минути процедурално.

**Силвана Бонева:** Почитуван потпретседателе,

Нашето барање во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ беше пред да се гласа да имаме една кратка пауза од 10 минути за консултации.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Барате пауза како пратеничка група од 10 минути, така?

**Силвана Бонева:** Да

**Иван Анастасовски:** Процедурално три минути за пратеникот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Господине потпретседател,

Со внимание го сослушав предлогот на господинот Кенан кој што рече дека станува збор за неколку личности и дека треба еден договор. Господин Кенан е лицето кое што најчесто одеше кај премиерот во однос на ова прашање и денес токму го има тестот да видиме што ќе се гласа. Затоа ние сме сите со тоа. Ви благодарам многу.

**Иван Анастасовски:** Ова не е некоја процедурална забелешка, Деловникот не го тангира тоа дали колегата одел или не на преговори.

Во секој случај, имаме легитимно барање од координаторот на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Објавувам пауза од 10 минути.

(Паузата започна во 13,05 часот).

(По паузата седницата продолжи во 13,39 часот).

**Иван Анастасовски:** Продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да велзат во салата..

**Предлог за избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија.**

Ве потсетувам дека согласно Амандман 28 точка 1 став 5 од Уставот на Република Македонија и член 6 став 1 алинеја 3 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија, тројца членови на Советот избира Собранието на Република Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинсатво гласови од вкупниот број пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Согласно Амандманот 28 точка 1 став 6 од Уставот на Република Македонија, член 6 став 1, алинеја 4 од Законот за Судскиот совет на Република Македонија двајца членови на Советот предлага Претседателот на Република Македонија, а изборот го врши Собранието на Република Македонија, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Претресот по предлогот Лина Петровска да биде избрана за член на Судскиот совет на Република Македонија е заклучен.

Ве потсетувам дека Собранието избира член на Судскиот совет со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Предлогот Лина Петровска да биде избрана за член на Судскиот совет на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ве молам, да ги притиснеме сите копчињата.

Вкупно гласале 81 пратеник, од кои 72 гласале за, нема воздржани 9 против.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

(Пратеници креваат рака).

Кој е против прелдлогот, молам да крене рака?

(Пратеници креваат рака).

Дали е некој воздржан? (нема)

Се извинувам таму уште двајца пратеници кренаа сега рака, дали се броени во претходното гласње?

(Службите информираат за резултатот од гласањето).

Почитувани колеги,

Констатирам дека од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозиство во Република Македонија за предлогот гласале 12 пратеници,против гласале 10 пратеници, а од гласање се воздржа 1 пратеник.

Констатирам дека Лина Петровска не е избрана за член на член на Судскиот совет на Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот магистер Бедредин Ибраими да биде избран за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека Собранието избира член на Судскиот совет со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Предлогот магистар Бедредин Ибраими да биде избрана за член на Судскиот совет на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 87 пратеници, од кои 61 гласале за, 1 се воздржал, 26 гласале против.

Се извинувам 26 гласале против, нема воздржани, 61 за.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија да се произнесат по предлогот со кревање на рака.

Кој е за предлогот, молам да крене рака.

(Пратеници креваат рака).

Кој е против прелдлогот, молам да крене рака?

(Пратеници креваат рака).

Дали е некој воздржан? (нема)

Констатирам дека од вкупно 35 пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозиство во Република Македонија за предлогот гласале 11 пратеници, се извинувам 13 пратеници, против гласале 10 пратеници, а од гласање никој не се воздржал.

Констатирам дека магистар Бедредин Ибраими не е избрана за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Звонко Богдан да биде избран за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејки нема пријавено за збор, го заклучувам претресот.

Ве потсетувам дека Собранието избира член на Советот со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се во мнозинство во Република Македонија.

Предлогот Звонко Богдан да биде избрана за член на Судскиот совет на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 85 пратеници, за гласале 59, нема воздржани, 26 гласале против.

Констатирам дека Звонко Богдан не е избран за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Преминуваме на избор на членови на Судскиот совет на Република Македонија предложени од Претседателот на Република Македонија.

Отворам претрес по предлогот Ментор Ќоку да биде избран за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Молам, кој бара збор.

За збор се јави пратеникот господин Вељаноски Трајко, повелете.

Бидејки колега, има уште една минута до редовната пауза, дали би сакале после паузата или сега сакате да зборувате.

**Трајко Вељановски:** После паузата.

**Иван Анастасовски:** Добро, колегата се изјасни.

Во тој случај објавувам пауза за реучек.

Продолжуваме во 15,00 часот.

(Пратениците отидоа на пауза во 13,59 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 15,10 часот)

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да влезат во салата и да си ги завземат своите места, продолжуваме со работа.

Бидејќи е отворен претресот по Предлогот Ментор Ќоку да биде избран за член на Судскиот совет на Република Македонија, а на дисплејот нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Пред да преминеме на гласање ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат, бидејќи ќе пристапиме кон чинот на гласањето.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата, а пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласањето.

Во салата има доволен број на пратеници.

Предлогот Ментор Ќоку да биде избран за член на Судскиот совет на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 70 пратеници, за гласале 18, воздржни 33, против 19.

Констатирам дека Ментор Ќоку не е избран за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Отворам претрес по Предлогот Абдулселам Канзоски да биде избан за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Молам, кој бара збор? (никој)

Бидејќи нема пријавени за збор, го заклучувам претресот.

Предлогот Абдулселам Канзоски да биде избран за член на Судскиот совет на Република Македонија, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 76 пратеници, 20 гласале за, 35 воздржани, 21 против.

Констатирам дека Абдулселам Канзоски не е избран за член на Судскиот совет на Република Македонија.

Со ова ја заклучувам 24-тата седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата заврши во 15,13 часот).

Бидејќи претходно имавме барање од координаторот на пратеничката група на ДУИ, господинот Рафис Алити, за пауза, објавувам пауза од 1 час, а потоа продолжуваме со ...

Процедурално за збор се јави господиниот Рафис Алити.

Повелете, имате три минути.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Ние како парламентарна група бараме Собранието да заврши со работа во овој момент, бидејќи имаме еден трагичен настан.

Имено, шефот на Кабинетот на Али Ахмети имаше нескреќен случај и ние како парламентарна група сакаме да учествуваме на погребот и затоа бараме разбирање од сите парламентарни групи да ни се даде можност да учествуваме на погребот. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Јас можам да го уважам вашето барање, а според реакцијата гледам дека и пратеничките групи се согласуваат.

Во тој случај за денес ја завршуваме седницата.

Утре продолжуваме со 45-та седница на Собранието на Република Македонија во 11,00 часот.

(Седницата прекина со работа во 15,17 часот)